АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

Примено / Pranuar: 25. 11. 2022

| Орг. единица / Njesia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlere |
|---|---|---|---|
| 03 | 4396 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2022 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за структурата на вработените на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје во 2021 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2021 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал седум лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани две лица. Поради тоа, на 06.10.2022 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3728/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 24-ти ноември 2022 година (Договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и физички лица) е видно дека <u>во радиостаницата се вработени вкупно седум лица, од кои четири со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.</u>

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***